Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 1 став 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија бр.162/12) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден _.11.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.68/4, КП бр. 68/3 и КП бр. 67 во КО Оризари вон град

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Оризари вон град со намена А1 (станбена куќа) во идна урбанистичко планска документација и тоа:

1. КП бр.68/4, КП бр. 68/3 и КП бр. 67 за КО Оризари вон град

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, до Општина Велес поднесени се голем број на барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти. Помеѓу сите поднесени барања, има и такви кои се однесуваат на објекти кои се изградени на катастарски парцели кои се наоѓаат вон границите на важечка урбанистичко-планска документација. Ова се утврдува при прегледувањето и постапувањето по секое барање, со мислењето кое се издава од Одделението за урбанизам.

Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација дава можност секој објект кој се наоѓа надвор од опфат на важечка урбанистичко-планска документација да се вклопи во идна урбанистичко-планска документација. Донесувањето на ваквата Одлука е во исклучива надлежност на Советот на Општината и во зависност од таа одлука ќе зависи одлучувањето на Општината по доставените барања.

На овој начин голем дел од започнатите постапки би се завршиле и барателите ќе добијат Решенија за утврдување на правен статус кои претставуваат правен основ за запишување на правото на сопственост во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Наведените катастарски парцели се однесуваат за објект за кој барање има поднесено следново лице:

1. Маријонка Давчева со поднесено барање со бр.13-1290/6545 од 01.09.2011 година

Според геодетскиот елаборат бр.0801/15-455-3 од 15.12.2015 година, изработен од „Геовис Нова“ ДООЕЛ Скопје, предмет на легализација е зграда 1 со вкупна внатрешна површина од 58 м^2. Зграда 1 со својот габарит зафаќа и на дел од КП бр. 68/3 и на дел од КП бр. 67, КО Оризари вон град.

Катастарската парцела 68/4 е евидентирана во ИЛ бр. 609 за КО Оризари вон град со право на сопственост на Александар Давчев.

Катастарската парцела 67 е евидентирана во ИЛ бр. 350 за КО Оризари вон град со право на сосопственост на Александар Давчев, Борче Бошков и Маја Илиоска.

Катастарската парцела 68/3 е евидентирана во ИЛ бр. 610 за КО Оризари вон град со право на сосопственост на Борче Бошков и Маја Илиоска.

Откако Советот на Општина Велес ќе ја донесе вака предложената одлука, ќе се пристапи кон вклопување на бесправните објекти во идната урбанистичко планска документација.

